# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО/ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТОТ

**DIOHESPAN MAX / ДИОХЕСПАН МАКС 1000 mg, таблети.**
Diosminum

**Прочитајте го целото упатство пред да започнете со примање на лекот**
**Овој лек се издава без рецепт од доктор и заради тоа, за да имате максимална корист од вашата терапија треба строго да се придржувате до препораките од внатрешното упатство.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Доколку имате прашања, Ве молиме прашајте го Вашиот лекар или фармацевт.
- Ако било кој од несаканите дејства стане сериозен, или доколку забележите некое несакано дејство кое не е напишано во упатството, Ве молиме известете го Вашиот лекар или фармацевт.

**Во ова упатство:**
*1. Што претставува лекот DIOHESPAN MAX и за што се употребува*
*2.Што мора да знаете пред да го употребите лекот DIOHESPAN MAX*
*3. Како се употребува лекот DIOHESPAN MAX*
*4. Можни несакани дејства*
*5.Како да го чувате лекот DIOHESPAN MAX*
*6.Дополнителни информации*

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕКОТ DIOHESPAN MAX И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

DIOHESPAN MAX го зголемува тонусот на вените и ги штити крвните садови. Лекот ја зголемува перисталтиката на лимфните садови и лимфниот проток, со што ја подобрува лимфната дренажа. Diohespan max влијае врз микроциркулацијата, ја намалува пермеабилноста на малите крвни садови, периваскуларната инфламација и микроциркулациската стаза. Лекот исто така, ја намалува склоноста кон прскање на малите крвни садови.

**Терапевтски индикации**
Diohespan max е индициран за третман на хронична венска инсуфициенција (англ. Chronic venous insufficiency-CVI) на долните екстремитети (варикозни вени) со:
- чувство на тежина во нозете,
- болки во нозете,
- мускулни грчеви кои се јавуваат ноќно време.

Diohespan max се користи и како симптоматска терапија при интензивирање на симптомите на варикозни вени во анусот (хемороиди).

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ЛЕКОТ DIOHESPAN MAX

**Не треба да го употребувате лекот DIOHESPAN MAX :**
- ако сте алергични на диосминум или на некоја од помошните супстанции во лекот

**Треба да се превземат посебни мерки на претпазливост при употреба на DIOHESPAN MAX и да го информирате Вашиот доктор во следните случаи:**

- Ако некои од симптомите поврзани со варикозните вени во анусот (чмарот) перзистираат или се влошат и покрај употребата на овој лек, обратете се за совет кај вашиот доктор. Лекот DIOHESPAN MAX не треба да го користите за третман на хемороиди долг временски период.

**Употреба на други лекови:**
*Разговарајте со Вашиот лекар доколку земате или до неодамна сте земале некој друг лек, дури и оние за кои не е потребен рецепт од лекар.*
Не се пријавени интеракции со други лекови.

**Употреба со храна и пијалоци**
DIOHESPAN MAX, таблетите треба да ги земате со храна за време на оброк.

**Бременост и доење**
*Бременост*
*Пред да земете било каков лек обратете се за совет кај вашиуот доктор.*
Ако сте бремена, се сомневате дека сте бремена или планирате да останете бремена, пред да го употребите лекот DIOHESPAN MAX обратете се за совет кај вашиот доктор.
Лекот DIOHESPAN MAX може да се употребува за време на бременост само ако е апсолутно клинички неопходно и само доколку вашиот доктор ви препорача да го земете лекот.
Ако забремените за време на третманот треба да го информирате вашиот доктор кој ќе донесе одлука дали да продолжите со употреба на лекот.

*Доење*
*Пред да земете било каков лек обратете се за совет кај вашиуот доктор.*
Нема податоци дали DIOHESPAN MAX се излачува во мајчиното млеко; заради тоа, не треба да го употребувате лекот за време на доење.

**Управување со возила и со други машини**
Лекот DIOHESPAN MAX не влијае врз способноста за управување со возила и со други машини.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ DIOHESPAN MAX

*Секогаш земајте го овој лек според препораките на вашиот лекар или фармацевт. Ако не сте сигурни, проверете го начинот на дозирање со вашиот лекар или фармацевт.*

**Дозирање**
Препорачана доза од лекот DIOHESPAN MAX е една таблета на ден, за време на јадење.
Доколку симптомите на хемороидите се влошат се аплицираат 3 таблети на ден, во текот на 4 последователни дена, а потоа, 2 таблети на ден, во текот на 3 последователни дена. Лекот се зема за време на јадење.
Не треба да се надминува препорачаната доза од лекот DIOHESPAN MAX.

**Начин на употреба**
Таблетата треба да се земе за време на јадење.

*Ако имате дополнителни прашања, прашајте го вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако земете повеќе DIOHESPAN MAX од потребното**
Не се пријавени случаи на интоксикација (труење) со диосминум (активната супстанција на лекот) како последица на предозирање со DIOHESPAN MAX.
Во случај на предозирање може да се јават дигестивни симптоми како на пример стомачни тегоби, гадење и повраќање.
Ако случајно земете повеќе таблети, веднаш контактирајте го вашиот доктор или фармацевт.

**Ако заборавите да го земете лекот DIOHESPAN MAX**
Не земајте дупла доза за да надоместите надоместите за заборавените дози.

**Ако прекинете да го земате лекот DIOHESPAN MAX**
Не ја прекинувајте вашата терапија се додека вашиот доктор не ве советува да прекинете со третманот.
Нема податоци за ефектот на нагол прекин на третманот.

*Доколку имате дополнителни прашања во врска со употребата на овој лек, прашајте го Вашиот лекар или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА
Како и сите лекови, така и DIOHESPAN MAX може да даде несакани дејства кај некои од пациентите кои го примаат лекот.

**Несаканите дејства на DIOHESPAN MAX се претставени според честотата (фреквенцијата) на јавување како**:
*Многу чести несакани ефекти* (се јавуваат кај повеќе од 1 од 10 пациенти кои го примиле лекот)
*Чести несакани ефекти* (се јавуваат кај помалку од 1 од 10 пациенти кои го примиле лекот)
*Повремени несакани ефекти* (се јавуваат кај помалку од 1 од 100 пациенти кои го примиле лекот)
*Ретки несакани ефекти* (се јавуваат кај помалку од 1 од 1000 пациенти кои го примиле лекот)
*Многу ретки несакани ефекти* (се јавуваат кај помалку од 1 од 10000 пациенти кои го примиле лекот).

Многу ретко се јавуваат: диареа (пролив), индигестија (отежнато варење на храната), наузеа (гадење), повраќање, вртоглавица, главоболка, чувство на слабост, исип, јадеж, уртикарија.
Ако ви се јават некои од овие несакани дејства нема потреба да прекинете да го употребувате лекот.

**Пријавување на несаканите дејства**

Ако забележите појава на некое несакано дејство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт. Ова ги вклучува и несаканите дејства кои не се наведени во внатрешното упатство.

Несаканите дејства од лекот можете да ги пријавите и директно во националниот центар за фармаковигиланца наведен во Апендикс V. Со пријавување на несаканите дејства придонесувате да се комплетираат податоците за безбедноста од употреба на лекот.

## 5. КАКО ДА ГО ЧУВАТЕ ЛЕКОТ DIOHESPAN MAX

*Да се чува на места недостапни за деца !*
Лекот треба да се чува на температура под 25°C.

**Рок на употреба**
2 години.
Не го употребувајте лекот по истекот на рокот на употреба означен на пакувањето како „EXP“. Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Медицинските производи не треба да се отстрануваат преку канализационата мрежа или со домашниот отпад. Прашајте го Вашиот фармацевт како да го одстраните отпадниот материјал од медицинските производи. Овие мерки помагаат да се заштитите себеси и Вашата околина.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи DIOHESPAN MAX**
***Активна супстација***: диосминум. Една содржи 1000 mg микронизиран дисоминум.

***Помошни супстации***:

- Поливинил алкохол
- Кроскармелоза натриум
- Талк
- Дехидрирана колоидна силика
- Магнезиум стеарат

**Како изгледа DIOHESPAN MAX и содржина на пакувањето**
Таблети со рецка. Со помош на делбената линија таблетата може да се подели на делови со цел полесно да се проголта. Рецката не служи за подлеба на таблетата на еднакви делови.

Alu/PVC/PVDC блистер со 10 таблети.
Достапни се пакувања со 10 таблети (1 блистер), 20 таблети (2 блистери), 30 таблети (3 блистери) или 60 таблети (6 блистери) во картонска кутија.

**Носител на одобрението за промет во Р.Македонија:**
РИФАМ ДОО ул.Мара Угриноска бр.144, Гостивар

**Производител:**
Aflofarm Farmacja Polska Sp.zo.o.

**Датум на последна ревизија на текстот**

Октомври,2017

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •